Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата

Архивски број 22-1760/3

11.-04- 2023

Скопје

Врз основа на член 22 став 1 и став 2 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.19/23), главниот инспектор донесе

## РЕШЕНИЕ

Пријавата за вршење на инспекциски надзор против директорот во Средното општинско училиште КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ Демир Хисар, со седиште на ул. „Гоце Делчев" ББ, Демир Хисар, наш бр.22-1760/1 од 06.03.2023 година, поднесена од анонимни подносители, а препратена од Државниот управен инспекторат со Допис Ип. I Бр.10-273 од 28.02.2023 година до Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средства, СЕ ОТФРЛА.

## Образложение

Државниот управен инспекторат, со Допис Ип. I Бр.10-273 од 28.02.2023 година, до Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средства препрати Предмет - Ургентно барање од анонимни подносители за вршење на инспекциски надзор на незаконското работење на директорот во Средното општинско училиште КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ Демир Хисар, со седиште на ул. „Гоце Делчев" ББ, Демир Хисар, кое е заведено под наш број 22-1760/1 од 06.03.2023 година.

Финансиската инспекција ја разгледа доставената анонимна пријава и констатира дека истата не е поткрепена со докази, односно во прилог на пријавата не е доставен ниту еден доказ.

Согласно член 21 став 1 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор: „Финансиската инспекција се спроведува по поднесени пријави во хартиена форма од физички лица, раководни лица или вработени во субјектите на финансиската инспекција и правни лица поткрепени со докази и/или со наводи за постоење основано сомнение за сторена неправилност, недостаток и/или сомневање за кривично дело во финансиското управување со јавните средства и со средствата на ЕУ фондовите, како и по пријава од Одделението за координација на борба против измами на ЕУ средства (АФКОС), кое постапува по барање на Европската канцеларија за борба против измами (OLAF-Office Europeen de Lutte Anti-Fraude), кај субјектите на финансиската инспекција."

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**
Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата

Согласно член 22 став 1 од истиот Закон, финансискиот инспектор нема да постапи по пријавата за финансиска инспекција доколку истата не е поткрепена со докази и/или не содржи наводи за постоење основано сомнение за сторена неправилност, недостаток и/или сомневање за кривично дело во финансиското управување со јавните средства, како и со средствата на ЕУ фондовите кај субјектите на финансиската инспекција или ако постојат други околности кои го оневозможуваат вршењето на финансиската инспекција. Согласно став 2 од истиот член, во случаите од ставот 1 на овој член, главниот инспектор донесува решение за отфрлање на пријавата во рок од десет дена од денот на приемот на пријавата и истото се доставува до подносителот на пријавата во хартиена форма, најдоцна во рок од пет дена од денот на неговото донесување. Согласно став 3 од истиот член, решението за отфрлање анонимна пријава за финансиска инспекција во рок од десет дена од денот приемот на пријавата се објавува на веб-страница на Министерството за финансии, а по истекот на 15 дена од денот на објавата, се смета дека подносителот е уредно известен.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 22 став 1 и став 2 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на доставување.

Раководител на сектор -
Главен инспектор
м-р Татјана Трајковска

Изработил: Нехат Топојани
Проверил: м-р Николина Алексовска

Доставено до:
- Државен управен инспекторат
- Подносител со објава на веб страната на Министерство за финансии
- Архива


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 482
www.finance.gov.mk